РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-6736/4
17.09.20 12 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни иниверзитетски студии по Менаџмент со недвижности на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни иниверзитетски студии по Менаџмент со недвижности на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, Решение Решение бр.12-137/3 од 23.04.2012 година за акредитација на студиската програма од втор циклус двегодишни иниверзитетски студии по Менаџмент со недвижности на Градежниот факултет во Скопје, Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање број 09-575 од 31.8.2012 година, до Министерството за образование и наука, под наш број 13-6736/1 од 04.09.2012 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-6736/2 од 12.09.2012 година година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 13.09.2012 година, изврши увид и изготви извештај број 13-6736/3 од 17.09.2012 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус двегодишни иниверзитетски студии по Менаџмент со недвижности на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**м-р Панче Кралев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

**Доставено до:**
- **Примач**
- **Архива**

изготвил: Билјана Ивковска
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити